# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1968.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## **У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ И ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 март 2015 година.

Бр. 08-1468/1
30 март 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## **З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ И ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 13/13, 69/13, 104/13, 27/14, 42/14, 178/14 и 180/14), во членот 5 став (6) алинеја 8 зборовите: „уплатениот депозит“ се заменуваат со зборовите: „банкарската гаранција“.

Член 2

Во членот 10 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, плаќањето на средствата од извршената продажба на деловниот простор изграден согласно со Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Македонија, се врши на сметка на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката.“

Ставот (3) станува став (4).

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

## **L I GJ PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SHITJE DHE DHËNIE ME QIRA TË BANESAVE AFARISTE DHE LOKALEVE AFARISTE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

Neni 1

Në Ligjin për shitje dhe dhënie me qira të banesave afariste dhe lokaleve afariste të Republikës së Maqedonisë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 13/13, 69/13, 104/13, 27/14, 42/14, 178/14 dhe 180/14), në nenin 5 paragrafi (6) alineja 8 fjalët: "depozita e paguar" zëvendësohen me fjalët: "garancia bankare".

Neni 2

Në nenin 10 pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3) si vijon:

“(3) Me përjashtim të paragrafit (2) të këtij neni pagimi i mjeteve nga shitja e realizuar e lokalit afarist të ndërtuar në pajtim me Programin vjetor për ndërtim, shitje dhe mirëmbajtje të lokalit afarist në pronësi të Republikës së Maqedonisë, bëhet në llogari të Shoqërisë aksionare për ndërtim dhe ekonomizim me hapësirë banesore dhe afariste me rëndësi për Republikën.”

Paragrafi (3) bëhet paragraf (4).

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**1969.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## **У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за земјоделски задруги,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 март 2015 година.

Бр. 08-1493/1
30 март 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## **З А К О Н ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ**

Член 1

Во Законот за земјоделски задруги („Службен весник на Република Македонија“ број 23/13), во членот 5 став (2) по алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

„- вршење на услуги од страна на земјоделската задруга за наводнување на земјоделските површини преку користење на системи за наводнување врз основа на претходно склучен договор со надлежниот субјект за вршење на водостопанска дејност и .“

Алинејата 6 станува алинеја 7.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи: